Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 118 став (2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15 и 6/16), на седницата одржана на 05.02.2016 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се одобрува Договорот за снабдување топлинска енергија заведен под бр.11-192/1 од 04.02.2016 година, склучен помеѓу Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ - Скопје, во понатамошниот текст Продавач и Тарифните потрошувачи во понатамошниот текст Купувач.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ - Скопје, согласно член 118 став (2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15 и 6/16) до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, достави Барање за одобрување на Договорот за снабдување топлинска енергија заведен под бр.11-192/1 од 04.02.2016 година,

По предлог текстот на Договорот за снабдување топлинска енергија заведен под бр.11-192/1 од 04.02.2016 година, заради одобрување, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија одржа главна седница на 05.02.2016 година, на која одлучи да го одобри Договорот за снабдување со топлинска енергија на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ - Скопје склучен со Тарифните потрошувачи.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, преку Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

**бр. 11-192/2**
**05.02.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**